Отворете ги прозорците

# Поглед одвнатре

## декември 2008



Во пресрет на Новата Година дозволено ни е да посакуваме и сонуваме. Секој има различни соништа. Некој сака да добие нова играчка, велосипед, или пак компјутер, но заедничка желба и сон на сите е да бидеме подобри во она што го работиме.

Особено сме среќни што оваа желба успеавме самите себе си да си ја оствариме, а уште сме посреќни бидејќи ги остваруваме желбите на многу деца и млади со хендикеп.

Работата на компјутер веќе не е задоволство само за корисниците на нашиот центар, туку и за 70-тина деца од Дневните центри во нашата држава.

Насмеани и задоволни лица, подобар успех во училиште, шарени списанија и честитки, се само дел од плодовите на нашата работа.

Се надеваме дека во Новата Година ќе продолжиме да ги оствaруваме детските соништа, не само во нашиот и во дневните центри, туку и во посебните и редовните училишта.

**Лидија Крстевска Дојчиновска**
**Претседател**



Во текот на месец ноември, здружението „Отворете ги прозорците“ отвори четири Компјутерски Центри во Дневните центри за деца со посебни потреби од градовите Гевгелија, Кичево, Штип и Кавадарци.
Тие добија компјутери, асистивни уреди и едукативни игри.

Исто така, здружението организираше и обука за вработените во овие центри кои се здобија со практично знаење како да ги адаптираат компјутерите на потребите на нивните корисници.



Новите Компјутерските Центри ќе им овозможат на повеќе од 70 деца со различен вид на хендикеп да го користат компјутерот како алатка за поддршка и стимулација на нивниот развој.

Проектот е реализиран со финансиска поддршка од Американската Амбасада во Македонија и Фондацијата „Лорд Микелам“ од Швајцарија.

Овој проект претставува продолжение на проектот кој се реализираше минатата година, со кој беа опремени 6 центри и организации на лица со хендикеп.




„Отворете ги прозорците“ учествуваше на четвртата по ред конференција, организирана од страна на Фондацијата „Метаморфозис“, на тема „ИКТ во образованието“.
Присутните имаа можност да се запознаат со значењето и бенефитите кои ги нуди асистивната технологија за учениците со посебни образовни потреби. Беше испратена јасна порака до надлежните министерства, да обезбедат асистивни уреди и софтвер во рамките на проектот „Компјутер за секој ученик“, како и да се спроведе обука за наставниците за нивно користење. „Отворете ги прозорците“ нагласи дека и овој пат ја нуди својата поддршка за поуспешно реализирање на овој проект, кој ќе допринесе кон постигнување на повисоки училишни резултати кај овие ученици.



„Мојот живот, моите соништа“ е насловот на третото по ред списание изработено со корисниците во центарот. Станува збор за индивидуално списание во чија изработка учествуваа 13 корисници. На неговите шарени страници изразени се интересите, потребите, желбите и соништата на корисниците. Пишуваа за среќата, тагата, другарството и го збогатија списанието со фотографии од нивните другари, детството, училишните денови. Се присетија на драгите личности од нивниот живот и сето тоа низ презентација го промовираа пред родителите и другарите од центарот. На овој начин ни помогнаа подобро да ги запознаеме, а открија и некои свои карактеристики за кои претходно не размислувале.

Од работата на ресурсниот центар произлезе новиот прирачник „Примена на Информатичката Технологија кај децата со аутизам“ и претставува придонес кон практичната работа со овие деца и нуди можност за нејзино надградување. Наменет е за родителите и за професионалците.




Нашето досегашно искуство покажа дека децата со аутизам покажуваат интерес и способност за работа на компјутер, а овој прирачник дава насоки како овие нивни карактеристики да се искористат и преточат во креативна работа.

Нашиот центар го посетија третоодделенците од ОУ. „Лирија“ од Тетово, со нивната учителка Драгица Јованоска. Хуманоста и желбата некому нешто да се подари, некој да се направи среќен, Драгица ја пренесе и на своите ученици. Низ песна, насмевка и заедничко дружење децата поминаа неколку часа.



Искрено им се заблагодаруваме за иницијативата и искрените желби за новата година.

И оваа година за изработката на новогодишните честитки се погрижија нашите корисници. Се потрудија и најдоа убави боенки на Интернет кои потоа ги обоија и ги напишаа нивните искрени желби до сите вас.






бул. Партизански Одреди 62/1-16
тел. +389 2 306 8630
contact@openthewindows.org